Врз основа на член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10,1/15, 8/18, 6/19 и 29/19) Градоначалникот на општина Струмица, објавува

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се организира јавна анкета и јавна презентација на Урбанистички план за с.Банско, разработка на блок 17, согласно УПС Банско, со површина од 7,1ха кој граничи:

- од источната страна со осовина на новопланирана ул„У-3”;
- од северната страна со осовина на регионален правец П605;
- од западната страна до речен канал за атмосферски води;
- од јужната страна со осовина на новопланирана ул„У-2”.

Одлуките за организирање на јавна анкета и јавна презентација се објавени на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам и комунални работи, на ВЕБ страницата на Општина Струмица – е-урбанизам, во Службен гласник на општина Струмица и во две јавни гласила.

Јавната анкета ќе трае од 31.08.2020 год. до 14.09.2020 год.

Јавната презентација ќе се одржи во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул.”Ленинова” бр.34., на ден 03.09.2020 година во 12:00 часот.

Заинтересираните граѓани и правни лица, своите забелешки на посебни анкетни листови, ќе можат да ги достават во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи.

Бр.03-4882/4
24.08.2020 год.
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Коста Јаневски